**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 10. 03. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 1335 | 1 | |

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**1. Програмскиот надзор се врши како:** **редовен**

**2. Субјекти на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво- оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово - дигитален пакет

**3. Датум на извршување на надзорот:** 09.03.2016 година.

**4. Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши врз исполнувањето на обврските утврдени во следните членови од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14):

4.1. член 50 став 5 – „Операторите на јавни електронски комуникациски мрежи можат да емитуваат или реемитуваат програмски сервиси со порнографија само во кодиран облик. Забрането е емитување или реемитување на детска порнографија".

4.2. член 64 став 2 – „Доколку програмските сервиси што се реемитуваат преку јавни електронски комуникациски мрежи се титлуваат на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, мора да бидат титлувани на македонски јазик, или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, освен телешопингот и рекламите".

4.3. член 141 – „Доколку Агенцијата врз основа на извршен програмски надзор согласно со овој закон утврди дека оператор реемитува програмски сервис кој не е регистриран согласно со овој член, Агенцијата во рок од седум дена од извршениот

програмски надзор ќе донесе решение со кое ќе му наложи на операторот веднаш да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис".

**5. Претходно изречени мреки: нема**

**6. Констатации од надзорот:**

Со надзорот беше констатирано дека овој операторот на подрачјето на Берово во својот дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси ХДТВ КАНАЛ ПЛУС ДООЕЛ Скопје, Cinestar TV, Grand TV, Eurosport 1, FOX Crime, FOX Life, Cinestar Action, Atlas TV, Al Jezeera, Pro Sieben, Duga TV, FOX Movies, Boomerang, FOX, Cartoon Netvork, N1, VH1, Sport Klub 1, Sport Klub 2, Sport Klub 3, Da Vinci Learning, Cinestar Premiere и Baby TV, кои не се опфатени со потврдите за регистрација на дигитален пакет програмски сервиси издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиуми услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**ПРЕДЛОГ МЕРКА:**

1. Директорот на Агенцијата да донесе решение за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси на Трговско радиодифузно друштво - оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово и согласно точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи веднаш по приемот на решението за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмскиот сервис да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

2. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали операторот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во решението донесено од страна на Директорот на Агенцијата.

3. Решението од точка 1 да се достави до Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**